ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ

ИЗВЕШТАЈ

за состојбата во остварување на правото на детето на одржување на лични односи и непосредни контакти со родителот со кого не живее во период на вонредна состојба

Скопје, мај 2020 година

Светската здравствена организација ширењето на Корона вирусот (КОВИД-19) го прогласи за пандемија, следствено на тоа и нашата држава реагираше со донесување на мерки за превенција и спречување на ширење на корона вирус и заштита на населението. На 18-ти март 2020 година беше прогласена вонредна состојба и определени мерки меѓу кои и мерка за ограничување на движење на населението.

Рестриктивните мерки, покрај ограниченото движење вклучуваат и социјална изолација, односно физичка дистанца што подразбира одржување на препорачана одалеченост меѓу лица кои не живеат во заедничко домаќинство, како и самоизолација и изолација на лица кај кои има индикации или е потврдена зараза од вирусот. За оваа, како и за другите мерки надлежните тела и министерства од областа на здравство, безбедност, информатичко општество, образование и труд и социјална политика во континуитет ја информираа јавноста за сите активности од нивната надлежност поврзани со заштита од КОВИД-19, со цел заедничко создавање на услови за безбедно укинување на мерките.

Покрај дистрибуција на информации поврзани со самозаштита и мерките на заштита на државно ниво, очекувано е родителите да имаат одредени нејаснотии, стравувања, дилеми во сите сегменти од секојдневното живеење и функционирање. Родителите кои што имаат потешкотии во комуникација и не се во состојба да остварат договор кој е во интерес на детето, имаат можност да побараат помош од надлежен центар за социјална работа или друга институција која се занимава со правата на детето, како што е на пр.Народен правобранител.

Согласно Законот за семејството во РСМ надлежен центар за социјална работа постапува и го регулира начинот на кој детето остварува лични односи и непосредни контакти со родителот со кој не живее, во ситуации кога тие за ова и други родителски прашања не се во можност да постигнат меѓусебен договор.

За децата кои живеат само со еден родител заради сепарација или по развод, состојбата со пандемијата и мерките на заштита бараат дополнителни активности од страна на надлежните центри за социјална работа преку помош и подршка на родителите, а по потреба и примена на други мерки заради заштита и остварување на правото на детето да добива љубов и грижа од двајцата родители во услови на нивна разделеност.

ЈУ Завод за социјални дејности во континуитет ги следи состојбите и активности на центрите за социјална работа во заштита на правото и реализација на потреба на детето да непречено остварува лични односи и непосредни контакти со родителот со кој не живее.

За да се утврди во која мера се појавија потешкотии и начини на нивното надминување во врска со реализација на правото на детето да остварува лични односи и непосредни контакти со родителот со кој што не живее во периодот од прогласување на вонредната состојба и определување мерки на заштита од КОВИД -19, од центрите за социјална работа се добиени податоци и информации за следото:

- Пријави до ЦСР од страна на родител за проблеми при видување уредени со решение/спогодба

- Барања од Народен правобранител до ЦСР за проблеми врзани со лични односи и непосредни контакти на дете со родител
- Измени на решенија /спогодби споредбено со бројот на активни решенија/спогодби
- Причини за проблеми во реализација на лични односи и непосредни контакти
- Постапување на ЦСР- советодавно
- Алтернативни начини на одржување на контактите
- Обраќање на родители до ЦСР заради стручна помош и поддршка во совладување на родителските обврски во услови на вонредната состојба и мерките за заштита од КОВИД - 19
- Информираност и користење на услуга/ресурс- новата бесплатна телефонската линија за помош, подршка и советување на родителите/старателите за справување со деца во вакви тешки околности.

Добиените податоци прикажуваат состојба и активности во центрите за социјална работа во изминатиот период, поточно од 16-ти Март до 16-ти Мај 2020 година, а кои се однесуваат на правото и потребата на детето да остварува контакти, комуникација, средби и реализира лични односи со родителот со кој не живее во услови на разделеност или развод.

Табела *Податоци состојби во ЦСР на ниво на РСМ во предмети/случаи за остварување на правото на детето за одржување на лични односи и непосредни контакти со родителот со кој не живее во период од 16.3-16.5.20120 година и активности на ЦСР*

Податоци	**Со кој родител се регулираат контакти**		
	Со татко	Со мајка	Вкупно
Број на активни решенија	367	90	457
Број на активни спогодби	35	11	46
Вкупно	**402**	**101**	**503**
ПРИЈАВИ	Од татко	Од мајка	Вкупно
Број на пријави од страна на родител за проблеми при видување уредени со **решение**	78	33	111
Број на пријави од страна на родител за проблеми при видување уредени со **спогодба**	4	4	8
Вкупно	**82**	**37**	**119**
Број на изменети решенија	17		
Број на изменети спогодби	8		
Број на случаи со пружена советодавна помош	179		
Број на барања од Народен правобранител	3		

<u>Пријави до ЦСР од страна на родител за проблеми при видување уредени со решение/спогодба</u>

Во периодот од прогласување на вонредната состојба во центрите за социјална работа во земјата имало вкупно 119 пријави, од страна на родители кои се обратиле за стручна помош за надминување на проблеми во реализација на контактите и видувања со децата, или за 23,6% предмети од вкупниот број на активни решенија и спогодби согласно добиените податоци.

Од вкупниот број на пријави, 111 од пријавите се однесуваат на проблеми околу непочитување решенија (или 24% од вкупниот број на активни решенија) донесени од страна на ЦСР со кои се уредени лични односи и непосредни контакти на дете со родител со кој не живее, а

преостанатите 8 на претходно постигнати спогодби (или 5,7% од вкупниот број на активни спогодби).

Проблеми околу реализација на спогодба со која се уредни лични односи и контакти на дете со родител со кој не живее, од вкупно десет ЦСР во кои има активни спогодби, пријави имало во три ЦСР (Кичево, Неготино и Скопје) од кои 4 пријави од татко и 4 пријави од мајка.

Пријави од страна на татко за непочитување на решенија за видувања изнесува 69%, додека останатите пријави се поднесени од страна на мајка, што е очекувно со оглед на тоа дека во најголем процент контактите се уредуваат со таткото (80% од вкупно активни решенија и спогодби).

По однос на бројот на пријави по центрите за социјална работа, од вкупно 30 ЦСР на територија на државата, во 16 имало пријави за непочитување на решение со кое се определени лични односи и непосредни контакти на детето со родителот со кој што не живее.

Карактеристично е тоа што во ЈУ МЦСР на град Скопје согласно територијата која ја покрива и бројот на корисници на оваа услуга, бројот на пријави за непочитување на решение е најголем од сите ЦСР и изнесува 45 (што е 45% од вкупниот број на активни решенија во овој центар), од кои 31 пријава е од татко, а 14 се пријави од мајка. Во истиот центар бројот на пријави за непочитување на спогодби изнесува 5 од вкупно 14 активни спогодби.

По Скопје најмногу пријави има во центрите за социјална работа Кичево и Штип (10), во Тетово 8 пријави, во Кавадарци и Битола 7 пријави, во Гевгелија, Прилеп и Радовиш имало по 5 пријави, а бројот на пријави во останатите ЦСР е незначителен или немало пријави.

Во центарот за социјална работа во Делчево немало нереализирани видувања за време на вонредна состојба поради панедмија на вирусит КОВИД- 19, видувањата се реализирале по договор на родителите со прилагодување на термини за видувањаа согласно мерките на Владата и полицискиот час . Иста е состојбата и во Дебар , Д.Хисар и во Валандо во каде личните односи се одржуваат како што е определено во решенијата, без користење на алтернативни начини на комуникација повеќе од во претходниот период. Центрите за социјална работа во Берово, Виница, Гостивар, Кратово, Кушево, Македонски Брод, Пробиштип, Струмица и Ресен известија дека од страна на родители немало пријави по однос на непочитување на решение.

<u>Барања до ЦСР од Народен правобранител за проблеми врзани со лични односи и непосредни контакти на дете со родител</u>

Народниот правобранител, меѓу другото постапува по добиени сознанија, информации како и по барања од родителите за одредени права на детето, при што се обраќа до надлежен центар за социјална работа, по потреба и други надлежни институции заради добивање на информации за состојбата, спроведени постапки и активности за конкретен предмет, односно семејство. Од добиените информации, во периодот на вонредната состојба (16.3.до 18.5.2020) до три центри за социјална работа (Неготино, Скопје и Струмица) имало барање од страна на Народниот правобранител и кои што доставиле одговор, односно извештај во предвидениот рок.

Причини за проблеми во реализација на лични односи и непосредни контакти

Согласно добиените податоци и информации од центрите за социјална работа, потешкотии околу реализација на лични односи и непосредни контакти на дете со родител со кој не живее во период на вонредната состојба во државата и изрекување на Владините мерки на заштита се предизвикани од повеќе причини, и тоа:

- задолжителен полициискиот час и забраната за движење кое што оневозможува да се испочитуваат точно определените термини за земање и враќање на дете наведени во решенија на ЦСР;
- стравот и загриженоста за здравјето и безбедноста на детето од страна на родителот со кој детето живее;
- самоизолација на дете/родител со кој живее заради болен/заразен член во семејството од вирусот корона (во 2 ЦСР);
- нефункционалност на родителски релации, подолготрајно нарушена комуникација на родителското ниво и нефлексибилност на родителите во договарање. Во некои случаи поради нефункционални родителски релации, вонредната состојба и задолжителните мерки на Владата се користат од страна на родителот со кој детето живее за манипулација и оневозможување на одржување на контакти на родителот кај кој детето не живее и
- различно толкување на мерките на Владата од страна на родителите.

Постапување на ЦСР

Во услови на вонредната состојба и задолжителни Владини мерки за превенција, заштита и спречување на ширење на КОВИД -19, во центрите за социјална работа се работи во специфични услови и за самите вработени и во стручната работа со корисниците. Во насока на помош во одржување на континуитет и квалитетот во стручатата работа во давање на услуги и реализирање и заштита на правата на детето кое не живее со двата родители, Министерство за труд и социјална политика објави препораки со акцент на заложба на сите вклучени во постапките за придонес во зајакнување на меѓусебна соработка на родителите во наоѓање на можности детето да остваруваа лични контакти со родителот со кого не живее, при што детето да не биде изложено на опасностите кои ги носи пандемијата.

Препораките на ЈУ ЗСД до центрите за социјална работа во овие услови се насочени во примена на стручна советоднавна работа со родителите во насока на мотивирање, подготвеност за прифаќање на состојбата и постигнување на заеднички договор за начинот на контактирање на детето со родителот со кој не живее. При тоа стручните лица на родителите да укажуваат како приоритет и во ваквите специфични и изменети услови на секојдневното живеење, да биде

запазување на најдобриот интерес на детето и негова заштита во здравствена и безбедоносна смисла. Во случаи на злоупотреба на состојбата центарот за социјална работа како орган за старателство да примени соодветни мерки од надзорот над вршење на родителското право.

По потреба центарот за социјална работа соработавал со други надлежни институции (МВР, суд, МТСП, НП, ЗСД и др.), матични лекари и други соработници во системот за потреби на постапки по барања или по службена должност согласно своите надлежности.

Добиените информации укажуваат дека најголем број на родителите постигнале меѓусебен договор на кој начин да продолжи контактот и комуникација на детето со другиот родител, почитувајќи го периодот на ограничување на движење. Кај родителите кои не покажале капацитет во справување со состојбата и обезбедување на потребата на детето во неговиот живот, раст и развој да се вклучи другиот родител и неговото семејство, покрај советодавна работа се спровела постапка за измена на определената динамика.

Од вкупниот број на активни решенија, кај 17 (или 15%) од нив е направена одредена измена согласно поединечни потреби и состојба, додека кај 8 од вкупно активни 45 спогодби има одредени измени (сите во Гостивар). Во ЈУ МЦСР на град Скопје, согласно најголемиот број на пријави за непочитување и проблеми околу реализација на решенија и на спогодби, во овој период се направени измени на 5 решенија. Во ЦСР Битола, Кавадарци, Тетово и Штип се направени измени во решенија во 2 предмети, додека во еден предмет се направени измени на решение во ЦСР Велес, Гевгелија, Прилеп и Струмица.

<u>Алтернативни начини на одржување на контактите</u>

Стручните лица во центрите за социјална работа вршат проценка на степенот на ризик кој би бил загрозувачки за детето по било кој основ, а притоа се бара најсоодветен начин да се реализира потреба на детето да остварува контакти со родителот со кој не живее. Кога има проценка дека непосреден физички контакт на детето со родителот со кој не живее би можело да го загрози, се предлага примена на други алтернативни, посредни начини на комуникација.

Центрите (11 ЦСР) информираа дека во овој период личните односи и непосредни контакти на дете со родител со кој не живее воглавно се реализираат по договор на родителите користејќи алтернативни начини на одржување на комуникација, и тоа: телефонски контакти, преку користење на социјални мрежи како што се месинџер, вибер, скајп апликација и сл. Во центарот за социјална работа во Кавадарци и Куманово како алтернатива за реализирање на лични односи на дете со родител била организирана средба во просториите на центарот. Некои родители не ги прифатиле укажувањата на стручните лица во овој период комуникацијата на детето со другиот родител да се одржува индиректно. Иако родителите биле информирани и советувани да изнајдат друг начин на комуникација на детето со родителот со кој не живее, ЈУ МЦСР Кочани извести дека поедини родители не прифатиле да користат алтернативни начини на комуникација поради што е прекината комуникација и контакти на дете со родител.

Алтернативни начини за реализирање на контакти не се применети во центрите во Делчево, Дебар, Валандово и Д.Хисар бидејќи немало потреба од причина што не е евидентирано прекинување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител со кој не живее.

Обраќање на родители до ЦСР заради стручна помош и поддршка во совладување на родителските обврски во услови на вонредната состојба и мерките за заштита од КОВИД - 19

Во Центрите за социјална работа за стручна помош и поддршка во текот на вонредната состојба генерално родителите се обратиле во мал број. Во оние случаи кои се обратиле, со стручна советодавна работа со родителите и директна помош од стручните лица се работело во насока на изнаоѓање на заеднички договор меѓу родителите за измена на контактите и прилагодување на контактите според можностите и условите.

По однос на бројот на родители кои кои имале проблем во одржувањето на контакти и видувања со нивните малолетни деца и се обратиле за стручна помош и поддршка за совладување на родителските односи во Центрите за социјална работа за стручна помош и подршка во текот на вонредната состојба од вкупно 179 случаи, најголем дел се во ЈУ МЦСР Скопје, 72. Во Пробиштип, Битола, Штип, Кичево и Кочани сличен е бројот на лица кои имале проблем во одржувањето на контакти и видувања со нивните малолетни деца и се движи од 10-15. Во останатите Центри за социјална работа бројот на родители кои се обратиле за помош е незначителен. Има и Центри во кои родителите воопшто не се јавиле за помош - Берово, Велес, Виница, Дебар, К. Паланка, Крушево и Ресен.

Информираност и користење на улсуга/ресурс- новата бесплатна телефонската линија за помош, подршка и советување на родителите/старателите за справување со деца во вакви тешки околности

Во изминатиот период согласно добиените податоци од Центрите за социјална работа сите родители кои се обратиле за помош и поддршка во текот на вонредната состојба генерално се запознати и информирани за новата бесплатна телефонска линија. Поголем дел од Центрите за социјална работа немаат информација дали истата се користи од страна родителите. Во речиси сите Центри за социјална работа, помош и поддршка за надминување на потешкотиите во реализацијата на личните односи и непосредни контакти на децата со родителите корисниците добивале директно од стручните лица преку советодавна работа.

Заклучни согледувања

1. Во периодот од прогласување на вонредната состојба во центрите за социјална работа во земјата имало вкупно 119 пријави, од страна на родители кои се обратиле за стручна помош за надминување на проблеми во реализација на контактите и видувања со децата,

и тоа во 16 центри за социјална работа од вкупно 30 на територија на државата. Најголем број на пријави за непочитување на решение се поднесени во ЦСР Скопје и изнесуваат 45% од вкупниот број на активни решенија во овој центар.

2. Народниот правобранител до три центри за социјална работа (Неготино, Скопје и Струмица) поднел барање за добивање на информации за состојбата, спроведени постапки и активности за конкретен предмет, односно семејство за проблеми поврзани со лични односи и непосредни контакти на дете со родител.

3. Една од најчестите причини за проблеми во реализација на лични односи и непосредни контакти на детето со родителот со кого не живее е нефункционалноста на родителските релации, подолготрајно нарушена комуникација на родителско ниво и нефлексибилност на родителите во договарање. Во некои случаи поради нефункционални родителски релации, вонредната состојба и задолжителните мерки на Владата се користат од страна на родителот со кого детето живее за манипулација и оневозможување на одржување на контакти со родителот со кого детето не живее.

4. Од постапувањата на центрите за социјална работа, може да се заклучи дека најголем број на родители постигнале меѓусебен договор на кој начин да продолжи контактот и комуникација на детето со другиот родител, почитувајќи го периодот на ограничување на движење. Кај родителите кои не покажале капацитет во справување со состојбата и обезбедување на потребата на детето во неговиот живот, раст и развој да се вклучи другиот родител и неговото семејство, покрај советодавна работа се спровела постапка за измена на определената динамика и изнаоѓање на алтернативни начини за реализирање на контактите.

29.05.2020 година **ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје**